РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-45
07.03.02.2017 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето поднесено од Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и Предлогот за овластување за техничка служба доставен од органот за одобрување со УП I бр.25-45 од 31.01.2017 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА за техничка служба Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, за вршење на стручни и технички работи на следните инспекциски места:

а) АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз извоз Скопје – Чаир, Лазар Трповски бб, Скопје, во постапка за:

- **Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T,C, R и S**, согласно член 57 став (1) алинеја 3 од Законот за возила; член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16), Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и оснотооптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/2010) и Технички спецификации согласно одредбите на член 11 став 2 од Законот за возила.

- **Одобрување на преправено и поправено возило** согласно член 6 точки 1, 2, 3, 4, 7, 8, 10, 14, 15 и 20, и член 7 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 13 и 14 и член 23 став (3) точка 2 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила (Службен весник на Република Македонија“ бр.7/10), Правилникот за техничките барања за системите составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и оснотооптоварување на возилата (Службен весник на Република Македонија“ бр.21/2010) и Технички спецификации согласно одредбите на член 11 став 2 од Законот за возила.

- **Одобрување на тип на возило** од категориите **L, M, N, O, T, C, R и S, техничка служба од категорија A** согласно член 57 став (1) алинеја 1 и член 58 од Законот за возила; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила и системите, составните делови и самостојните технички единици наменети за такви возила (Службен весник на Република Македонија“ бр.132/2009), Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори (Службен весник на Република Македонија“ бр.134/2009) и Технички спецификации согласно одредбите на член 11 став 2 од Законот за возила.

- инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и

постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/13).

**б) АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз извоз Скопје- подружница Велес, ул Моша Пијаде бб, Велес** во постапка на:

- **Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T,C, R и S,** согласно член 2 став (1) и став (3) од Правилникот за единечно одобрување на возило;

- **Одобрување на преправено и поправено возило** согласно член 23 став (3) точка 2, член 6 точки 1,2,3,4,7,8,10,14,15,20 и член 7 точки 1,2,3,4,5,6,13,14 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени;

- **инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор** согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото.

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за овластување за техничка служба на Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје УП I бр.25-121 од 29.12.2015 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 56 став (2) од Законот за возила, Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесе барање бр.1609-1771/1 од 20.12.2016 год. за издавање на предлог за овластување за техничка служба до органот за одобрување – Биро за метрологија. Органот за одобрување по спроведената постапка, до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба бр. 1609-1771/5 од 27.01.2017 година со целокупната документација и барањето на Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје заверено под број УП I бр.25-45 од 31.01.2016 година.

Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поради кадровски промени побара да се овласти за техничка служба на инспекциските места на ул. Лазар Трповски бб, Скопје и подружница Велес, ул Моша Пијаде бб, Велес. Кон барањето се поднесени следните документи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-011 од 14.06.2008 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија, со важност до 13.06.2020 година и Прилог кон сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-011 од 11.01.2017 година ;

- Доказ за тековна состојба издадена од Централен реистар на Република Македонија со бр.0805-50/150120160071280 од 24.11.2016 година;

- Доказ за склучен договор за осигурување со ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ (Полиса бр.990000057164 со важност до 20.10.2017 година);

- Договор за закуп, помеѓу Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ ДОО Скопје ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје и Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Лазар Трповски б.б Скопје заверен на нотар со број УЗП 6649/2016 од 16.12.2016 и Договор за закуп, помеѓу Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ ДОО Скопје ул. Митрополит

Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје и Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ-ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ул. Лазар Трповски б.б Скопје заверен на нотар со број УЗП 6565/2016 од 14.12.2016;

- Договор за користење на опрема склучен на ден 30.11.2015 година помеѓу Трговско друштво АМСМ УСЛУГИ СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД ДОО Скопје со седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје и Друштвото за услуги за инспекција и испитување на возила АМСМ УСЛУГИ ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА ДООЕЛ увоз –извоз Скопје ул. Лазар Трповски б.б Скопје заверен на нотар со број УЗП 6564/2016 од 14.12.2016;

-Информација за економско финансиската состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија бр.0905-23/769 на ден 15.12.2016 година.

- Доказ за вработување (копии од обрасците М1/М2 и договори за работа) и доказ за стручноста (уверенија, дипломи и сертификати од обуки) за:

Испитно место Скопје ул.Лазар Трповски бб

Ацко Стојковски, дипл.маш.инж. насока производно машинство; Бојан Антиќ дипл.сообр.инж.; Ристо Доневски дипл.маш.инж. насока моторни возила; Благородна Аргирова дипл.маш.инж. насока производно машинство; Дејан Стојановски дипл.маш.инж. насока моторни возила; Елена Николоска дипл.сообр.инж.;Бојан Јованчевски дипл.сообр.инж.; и Зоре Петрушевски контролор во станица за технички предмет.

Испитно место Велес ул.Моша Пијаде бб

Дејан Коцев дипл.сообр.инж.; Александра Парлиќ дипл.маш.инж. насока моторни возила; Ивица Радев дипл.маш.инж. насока механизациони машини и моторни возила; Марјан Пешевски дипл.маш.инж. насока моторни возила; Зоран Бошначки дипл.маш.инж. насока механизациони машини и моторни возила.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и основно оптоварување на возилата и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,

Driton Kuqi